Врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од истиот Закон и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, согласно Заклучокот бр.02-3436/2 од 16.09.2022 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 35-та седница одржана на 16.09.2022 година ја донесе следната:

# **О Д Л У К А**

1. Се одобрува зголемување на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022-ра година, бр.05-3096/1 од 09.08.2022 година.

Вкупно планираните приходи и расходи според Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022-ра година се зголемуваат за 10.000.000,00 денари и истите изнесуваат 143.754.238,00 денари.

2. Со зголемувањето од точка (1) на оваа Одлука се обезбедуваат финансиски средства во вкупен износ од 10.000.000,00 денари, наменети за:

- исплата на потрошувачка на електрична енергија согласно постоечкиот договор, како и за нова јавна набавка и нов договор кој Агенцијата ќе го распише во 2022 година, бидејќи стариот договор се очекува да биде целосно исцрпен. Средствата кои се планирани во финансискиот план на Агенцијата за 2022 година во износ од 3.000.000,00 денари нема да бидат доволни.

3. Обезбедувањето на финансиските средства од точка (2) на оваа Одлука се извршува со измена на следните позиции:

- **Вкупните приходи** се зголемуваат за 10.000.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 133.754.238,00 денари изнесуваат 143.754.238,00 денари;
- Приходната ставка **Пренесени вишок средства од мината година** се зголемува за 10.000.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 49.154.238,00 денари изнесува 59.154.238,00 денари;
- **Вкупните расходи** се зголемуваат за 10.000.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 133.754.238,00 денари изнесуваат 143.754.238,00 денари;
- Ставката **401 – Потрошена енергија** се зголемува за 10.000.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 3.500.000,00 денари изнесува 13.500.000,00 денари.
- Позицијата **401000 – Потрошена електрична енергија** се зголемува за 10.000.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 3.000.000,00 денари изнесува 13.000.000,00 денари.

4. Оваа Одлука влегува во сила веднаш.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги потребно е да изврши зголемување на Финансискиот план на Агенцијата за 2022 година, со цел да се обезбедат средства наменети за исплата на потрошувачка на електрична енергија. Имено, цената на електричната енергија се пресметува согласно HUPX – просечна цена за електрична енергија на пазарот на берзата HUPX за месецот кој се однесува пресметката, ден / MWh. За оваа намена се потребни повеќе финансиски средства од предвидените за 2022 година и од таа причина се предлага зголемување на Финансискиот план за 2022 година.

За да се обезбедат 10.000.000,00 денари потребно е да се направат измени на следните позиции во усвоениот Финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година и тоа: Приходната ставка - Пренесени вишок средства од мината година се зголемува за 10.000.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 49.154.238,00 денари, истата изнесува 59.154.238,00 денари. Групната ставка која гласи 401 - Потрошена енергија се зголемува за 10.000.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 3.500.000,00 денари, истата изнесува 13.500.000,00 денари. Позицијата 401000 – Потрошена електрична енергија се зголемува за 10.000.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 3.000.000,00 денари, истата изнесува 13.000.000,00 денари.

Имено, со предложеното зголемување на финансискиот план за 2022 година, вкупните планирани приходи и расходи според планот се зголемуваат за 10.000.000,00 денари и истите изнесуваат 143.754.238,00 денари.

Следствено на сето погоре наведено, а врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од истиот Закон и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, согласно Заклучокот бр.02-3436/2 од 16.09.2022 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 35-та седница одржана на 16.09.2022 година, донесе одлука како во диспозитивот.

**Бр.** 05-3457/1

16.09 **2022 година**

**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

Примерок од Одлуката да се достави до:
- Директорот;
- Секторот за финансии и логистика;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи-Архивата;